РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-177/3
28-04-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 31-та седница одржана на ден 22.04.2026 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предмет со број 12-3205/1 од 09.12.2025 година, оформен по пријава во која се изнесени наводи за сомневање за незаконитости во постапка за избор на лицето ---------------------------- за директор на ----------------------------- – ----------------, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување, поради тоа што не се потврдени наводите од пријавата.

Предметот со број 12-3205/1 од 09.12.2025 година да се затвори и да се архивира.
Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 09.12.2025 година, до ДКСК доставена е пријава во која се изнесени наводи за сомневање за незаконитости во постапката за избор на директор на -------------------------------- – -------------------. Во пријавата се наведува дека избраниот кандидат ---------------------- во моментот на поднесување на пријавата, не ги исполнувал бараните услови за избор на наведената функција односно, не доставил документ за докажување на работно искуство како што се барало во јавниот оглас и истата ја дополнил со документ за докажување на работното искуство, по моментот на отворање на пријавите.

Во насока на утврдување на фактичката состојба по предметот, Државната комисија достави барање за доставување на информации и документација во врска со постапката за избор на актуелниот директор на ----------------------.

Постапувајќи по барањето на ДКСК, МАРнет на ден 04.02.2026 година достави информација со прилог документација.

ДКСК ја разгледа целосната документација за предметот и го констатира следното:
На ден 09.07.2025 година, од страна на -------------- бил објавен Јавен оглас за избор на директор, во дневните весници „Нова Македонија", „Слободен Печат" и „Коха". Рокот за доставување на Пријави по Јавниот оглас за избор на директор на --------------, траел 30 дена.
Управниот Одбор на ден 25.11.2025 година, одржал седница на која биле отворени и разгледани доставените две пријави. Управниот Одбор констатирал дека двете доставени пријави од кандидатите --------------------- и ------------------------- се уредни со забелешка, дека Управниот Одбор, постапувајќи согласно со Одлуката за измена и дополнување на Деловникот за работа на Управниот Одбор на ---------------, од кандидатот ----------------------------, побарал најдоцна до 28.11.2025 година, до 12 часот да достави дополнителен документ во врска со точката 5 од Јавниот оглас во која е наведено дека кандидатот треба да: „има минимум 5 години работно искуство од областа на информатичките и комуникациските технологии".
Наведениот кандидат на ден 25.11.2025 година, доставил образец М1/М2 – извод од компјутерски запис, по што Управниот Одбор на седница одржана на 25.11.2025 година, со јавно гласање на присутните шест членови, со вкупно четири гласа „за" и два гласа „Воздржан" го избрал за директор на ------------------- кандидатот -------------------------------------.
За донесената одлука за избор на директор на --------------, бил известен и другиот кандидат, --------------------------------.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, ДКСК утврди дека не се потврдуваат наводите од пријавата, по што оцени дека нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чачуљ

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор,
Одобрил/Miratoi: В.Xh., член/ anëtar